Република Северна Македонија
Јавна детска градинка "ВЕСЕЛИ ЦВЕТОВИ"
на општина Кисела Вода
Бр. 03-276/1
02.09. 2020 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 13 став 3 алинеја 5 од Статутот на ЈДГ "Весели Цветови"-на општина Кисела Вода во Град Скопје, ЈДГ "Весели Цветови"-на општина Кисела Вода во Град Скопје, го распишува:

# О Г Л А С
## за прибирање на понуди

**1.Фотографирање и снимање**

Фотографирањето и снимање се врши во просториите на установата по објекти како и на локации надвор од установата кои ги одредува одговорното лице на установата.
Фотографирањето и снимање на настани ги одредува одговорното лице во зависност од потреби.
Во финансиската понуда на понудувачот треба да има повеќе опции – пакети кои содржат:
-Новогодишна папка со 2(две) фотографии (портрет и групна фотографија со Дедо Мраз)
-Фотографирање групни фотографи формат 15 x 21 см
-Мини Алманах во боја изработен за секоја група доединечно, 2(два) портрети фотографија 13 x 18 см.
-Снимање на настан во согласност со потребите на установата.
Уплатата на средствата од страна на родителите ќе се реализира по пат на изготвена уплатница.
Реализаторот на услугите по секое извршено реализирање на договореното фаотографирање и снимање е должен да изготви и достави извештај за подмирени или неподмирени обврски.

**2.Театарски преставиза деца од предучилишна возраст**

Преставите треба да бидат наменски подготвени (пример: новогодишна престава, презентација на басна, поучна приказна др.).
Сума на чинење на театарска престава.
Театарските преставиќе се реализираат во просториите на установата, поточно во објектите кои се под нејзина управа.
Термините за истите ги договара одговорното лице на градинката.
Реализаторот на услугите по секое извршено реализирање на договорените театарски претстави е должен да изготви и достави извештај за подмирени или неподмирени обврски.

**3. Физичко воспитување, балет, хип-хоп и латино танци**

Реализацијата на активностите во просториите на ЈДГ "Весели Цветови"-на општина Кисела Вода во Град Скопје во термини кои ќе ги определи одговорното лице на установата , два пати во неделата.
Времетраењето на активностите да биде минимум 30 минути.
Групите за следење активности ќе се организираат-формираат согласно потребите на установата.

Активностите со децата да бидат реализирани од лица со соодветна стручна спрема.
Реализаторот на активности за своите вработени да приложи уредно заверена санитарна книшка за спроведен санитарен преглед.
Местото на реализација на активности ќе биде на следниве локации:

- Објект „Кокиче„ лоциран на ул:„Ѓорѓи Сугаре„ бр.2
- Објект „Синоличка„ лоциран на ул:„Петар Дељан„ бр.9
- Објект „Мимоза„ лоциран на ул:„Антон Попов„ бр.43
- Објект „Сончоглед„ лоциран на ул:„Локов„ бр.11
- Објект „Перуника„ лоциран на ул:„Наум Охридски„ бб
- Објект „Ѓурѓица„ лоциран на ул:„Јабланца„ бб и
- Објект „Симба„ лоциран на ул:„5„ бб-нас.Усје

Реализатор на активности е должен 2 пати годишно (Февруари/јуни) да изготви и достави извештај за подмирени или неподмирени обврски.
Периодот на реализација на активностите од 01.10.2026 год. до 31.05.2027 год.
Уплатата на средствата од страна на родителите на месечно ниво ќе се реализира по пат на изготвена уплатница.

**4.Списанија, прирачници и работен материјал**
Списанијата и прирачниците да бидат одобрени од надлежното Министерството.
Сума на чинење на списанија, прирачници и работен материјал.

**5.Осигурување на деца од предучилишна возраст**
Сума на чинење на осигурување од несреќен случај по дете.
Доколку постојат повеќе видови на услуги за истите на свој образец може да се даде понуда.
Во понудата треба да има опис на несреќни случаи за кои следи исплата со прилог информатор.
Изготвување на групна осигурителна полиса за временски период од 1(една) година од денот на склучување.
За деца кои се запишуваат дополнително во текот на годината имаат можност за дополнително вклучување во склучената полиса за осигурување.
Уплатата на средствата од страна на родителите ќе се реализира по пат на изготвена уплатница.
Полисата за осигурување се изготвува врз база на доставени списоци со деца-осигуреници со име презиме и дата на раѓање.

**6. Странски јазик - англиски јазик;**
Реализацијата на активностите во просториите на ЈДГ "Весели Цветовит"-на општина Кисела Вода во Град Скопје во термини кои ќе ги определи одговорното лице на установата ЈДГ"Весели Цветови„"-на општина Кисела Вода во Град Скопје два пати во неделата;
Времетраењето на активностите (часовите по странски јазик –англиски) да биде минимум 30 минути;
Групите за следење активности по англиски јазик ќе се организираат-формираат согласно потребите на установата;

Активностите со децата да бидат реализирани од професори со соодветна стручна подготовка- ВСС – дипломиран професор по странски јазик (англиски);
Училиштето кое би организирало и реализирало активности по странски јазици за своите вработени да приложи уредно заверена санитарна книшка за спроведен санитарен преглед;
Реализатор на активности е должен 2 пати годишно (Февруари/јуни) да изготви и достави извештај за подмирени или неподмирени обврски.
Местото на реализација на активности по странски јазик ќе се реализира на следниве локации:

- Објект „Кокиче„ лоциран на ул:„Ѓорѓи Сугаре„ бр.2
- Објект „Синоличка„ лоциран на ул:„Петар Дељан„ бр.9
- Објект „Мимоза„ лоциран на ул:„Антон Попов„ бр.43
- Објект „Сончоглед„ лоциран на ул:„Локов„ бр.11
- Објект „Перуника„ лоциран на ул:„Наум Охридски„ бб
- Објект „Ѓурѓица„ лоциран на ул:„Јабланца„ бб и
- Објект „Симба„ лоциран на ул:„5„ бб-нас.Усје

Училиштето за изучување на странски јазици кон понудата да приложи програма за работа со деца од предучилишна возраст;
Периодот на реализација на активностите би бил од 01.10.2026 год. до 31.05.2027 год.
Уплатата на средствата од страна на родителите на месечно ниво ќе се реализира по пат на изготвена уплатница.

За точка 1,2,3 и 6 во понудата треба да има повеќе опции за корисници на услуги со цена на чинење и тоа за:1 (едно) дете , 2 (две) или 3(три) деца од исто семејство, дете од социјално загрозено семејство, дете со попреченост, дете на самохран родител и дете на вработен во установата.
Рок за достава на понуди е 5 (пет) работни дена од денот на објавување на веб страната на Установата во архивата на детската градинка, лоцирана на ул.,,Локов'' бр. 11, Скопје.
Право на учество има секое физичко или правно лице кое е регистрирано во Централен Регистар на РСМ.
За токча 1 да се достави: ДРД Образец , тековна состојба, референтна листа и минимум 7 вработени.
Права и обврски на договорните страни ќе се регулираат со договор за деловна соработка.
По реализација на седница на Совет на родители при ЈДГ"Весели Цветови"-на општина Кисела Вода во Град Скопје следи Известување за избрани деловни соработници и истото ќе биде истакнато на Веб страната на установата.

Директор
Славица Брајковска